# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**19-25 јан 2026 Билтен бр. 619**

# ТЕОДОР ТРИМЧЕСКИ ПРВ ДО СВЕТИОТ КРСТ ВО КАРПОШ

**Во духот на традицијата во пресрет на големиот празник Богојавление – Водици, градоначалникот Сотир Лукровски присуствуваше на Свечената богослужба во храмот Св. Пантелејмон, заедно со голем број верници. По утринската литургија, првиот човек на Општината се упати кон ,,Железниот мост" во Влае, од каде што го следеше осветувањето на водите во реката Вардар.**
**-Бог се јави, навистина се јави, е денешниот поздрав на овој голем ден. Во светите води на реката Вардар имаше голем број верници, но само еден имаше среќа да го фати крстот, а тоа беше момче од населбата Влае. Му посакуваме здравје и среќа да го прати низ годините. Општина Карпош како и секоја година, се вклучи во организацијата на овој настан, со финансиска помош и технички дел, екипи кои беа задолжени за безбедноста на пливачите.- рече првиот човек на локалната самоуправа.**

**Свештените лица од црквата ,,Св. Пантелејмон" од Нерези и црквата ,,Св. Петар и Павле" од Ѓорче Петров кои заедно го одбележуваат овој празник, го положија крстот во реката Вардар, при што најголема среќа имаше Теодор Димчески од населбата Влае, прв доаѓајќи до оваа света реликвија.**
**Инаку, како секоја година така и оваа, беа вклучени членови од просторната единица за заштита и спасување при Општина Карпош, кои се лиценцирани спасители на отворени води. За таа цел и заради поголема безбедност на пливачите кои влегоа во реката, беше употребен чамец и безбедносни јажиња кои се дел од опремата на просторната единица за заштита и спасување на локалната самоуправа.**
**На оваа долгогодишна манифестација, присуствуваа голем број граѓани од двете општини, како и претставници и Советници од Општина Карпош и Општина Ѓорче Петров.**



# ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ТЕРЕН

**Зимската служба на Општина Карпош од раните утрински часови е присутна на терен со цел расчистување на снежните наноси и фрлање на индустриска сол на критичните места низ општината.**

**Зимската механизација е навремено активирана на повисоките точки како што се дел од Нерези, Етно село, Бардовци, Жданец, Трнодол и Козле.Воедно, сезонските работници од рано утро, ги чистат пристапните патеки во близина на градинките и училиштата како и неколку делови кои се непристапни за механизацијата.**

**Општина Карпош е подготвена за временските услови, а зимската служба ќе биде постојано на терен заради зголемување на безбедноста на нашите жители.**

**Апелираме до жителите за внимателно движење и почитување на препораките, а граѓаните кои управуваат со моторни возила, да ги почитуваат сообраќајните правила и да користат соодветна зимска опрема.**



# ИНФОРМАЦИЈА

**Поради временските услови и ниските температури, зимската служба на Општина Карпош и вечерва е на терен, во тек е акција за фрлање сол на неколку клучни места каде што постои можност од голомразица. Станува збор за населбите Жданец, Трнодол, Бардовци, Нерези како и комплексот Етно Село.**

**Апелираме до сите учесници во сообраќајот да возат внимателно, задолжителна употреба на зимска опрема на возилата, да ги почитуваат сообраќајните правила и да ја прилагодат брзината и начинот на возење на зимските услови.**
**Одговорно и со заедничка грижа – Карпош е безбеден за движење во зимски услови.**



# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНИОТ ПРОЦЕС НА РОМИТЕ ВО КАРПОШ

**Градоначалникот Сотир Лукровски и претставниците од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита од Општина Карпош, денеска остварија работна средба со министерот без ресор, д-р Шабан Салиу, којшто е задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година. Во рамки на координативниот состанок кој се одржа во просториите на Владата на РСМ, присутните разговараа за промовирање на учеството на ромската заедница во сите фази на креирање политики на локално ниво.**

**Во тој контекст, претставниците од Општина Карпош го информираа министерот Салиу за активностите кои ги презема локалната самоуправа во насока на подобрување на статусот на Ромите. На денешната средба се разговараше за решавање на комуналните и инфраструктурни проблеми, со посебен акцент на жителите од населеното место Момин Поток, како и подобрување на животните услови на граѓаните од населбата Злокуќани. Во конструктивна атмосфера беа разменети позитивни искуства за соработка и добри практики од другите општини од Македонија. Градоначалникот Сотир Лукровски посочи дека Општина Карпош и понатаму ќе соработува со надлежните институции и релевантните фактори, во насока на изнаоѓање на соодветни решенија со кои ќе се надминат постоечките проблеми на ромското население во оваа локална самоуправа.**

